# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 ноември 2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господин Илјаз Халими, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дами и господа пратеници, претставници на Владата, почитуван потпретседателе на Владата.

Ја отворам Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 74 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница на Собранието ја свикав по барање на координаторите на пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и на ПДПА НДП заради разгледување на Предлогот на Декларацијата за поддршка на потпишувањето на Договор за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската унија, што тие го поднесоа.

Со оглед на карактерот на прашањето што се предлага да се разгледува на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам, да гласаме.

Процедурално за збор се јави пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Јас сакам да интервенирам процедурално.

Имено пред да интервенирам процедурално, не доведувајќи го во прашање политичкиот аспект на точката која е поставена на оваа седница односно не размислувајќи околу консензусот искажан во последните 8 месеци, кој постои во Република Македонија околу поддршката на иницијативата за имплементирање на Република Македонија во структурите на евроатлантската интеграција, сакам да укажам на еден чисто процедурален момент кој мислам дека е битен во денешната точка. Имено, пак ќе се вратам. Сметам дека сите политички партии недвојбено за последните осум месеци, како се вршат преговорите на владиниот тим со структурите од Европската унија, покажаа дека стојат зад тие преговори, ја поддржуваат иницијативата, ги поддржуваат овие преговори на Владата, така да овој дел нема воопшто да го доведувам во прашање, кога ќе зборувам за самата процедура. За мене во овој момент е битно нешто друго што денес се случува прв пат во Парламентот на Република Македонија, од нејзиното осамостојување. Имено, за што се работи:

Се работи за начинот на свикување на денешната седница. Сметам дека ние како пратеници го доведуваме во прашање уставниот момент при свикувањето на денешната седница. Имено, јас и официјално се обратив со допис до Службите на Собранието на Република Македонија и добив одговор кој ќе ви биде поделен на сите пратеници, во кој се кажува дека досега, откако е плурална Македонија, откако е конституиран Парламентот, ниту во овој состав, ниту во ниеден претходен состав, ниеден потпретседател на Парламентот на свикал седница на Парламентот на Република Македонија. Така да денес се прави еден преседан кој е во прашање дали треба да го воведеме како пракса на нашето однесување.

Сметам дека со ова се крши Уставот на Република Македонија. Имено во прашање се членовите 66 од Уставот на Република Македонија, членот 81 и 97 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Ако Парламентот од денес си дозволи една нова пракса која досега не беше вака установена, мислам дека доведуваме во една незавидна ситуација. Ние покрај законите и Уставот имаме една десетгодишна пракса од работата на

Парламентот која, во услови на непостоење на Деловник соодветен за работата на Парламентот, сепак ние функционираме во пракса со некоја практика која ја има Парламентот во своето дејствување. Денес се крши таа практика. Имено, ако денес во една неуставно закажана седница разговараме на ваква тема, дали нас ќе не сфатат како сериозен Парламент, посебно што вака е закажана седницата на Парламентот.

Во решението кое е потпишано од потпретседателот на Собранието се вика:

- Врз основа на член 66 став 3 од Уставот на Република Македонија, а тој член 66 од Уставот е следниот: Собранието донесува Деловник со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Тоа е ставот 4.

- Ставот 3 гласи: - седниците на Собранието ги свикува изричито претседателот на Собранието, а во врска со член 81 став 1 од Деловникот.

Членот 81 вели: - потпретседателите на Собранието му помагаат на претседателот во работата и во договор со него вршат определени работи од неговиот делокруг. Значи, само определени работи.

Во случај на отсутност или спреченост претседателот го заменува еден од потпретседателите, според редот што ќе го определи претседателството. Значи, само определени работи.

Член 97 став 3 од Деловникот вели: - по исклучок, во итни случаи претседателот на Собранието може да свика. Значи, изричито претседателот, може да свика заедничка седница на сите собори во рок пократок од 15 дена. Значи во оној рок кој не е редовен.

Денес е свикана итна седница, која итна седница е прашање на преговорите и на позицијата на преговарачкиот тим и потребната политичка поддршка што е апсолутно консензуално искажано во Република Македонија. Меѓутоа, предлагачите требало во редовна процедура, пред 15 дена кога исто така имаше преговори и кога се очекуваше потпишување на оваа, да размислуваат за една ваква законска процедура, за една ваква редовна процедура, за да може оваа точка да дојде на дневен ред по редовен пат. Ваква итна точка може да постави само претседателот на Собранието.

Во поткрепа на ова ви ја приложувам и книгата - Организација и функционирање на Собранието на Република Македонија од Живко Тодоровски кој под точката свикување на седници во Собранието го вели следното:

Седниците на Собранието ги свикува претседателот на Собранието што е едно од неговите основни права и должности утврдени со Уставот. Ова уставно право на претседателот на Собранието треба да се сфати како негово исклучително право односно дека само тој може да свикува седници на Собранието.

Тоа се документите и процедурите за кои зборувам.

Сега, мислам дека ако тоа се случуваше и порано иако некои вонредни ситуации налагаа и се случуваше во праксата некои потпретседатели на Собранието свикуваат седници, или итни седници, можеби ние тоа како пракса ќе го разгледувавме дупка во нашиот Устав, законот или правна недореченост. Јас тука очекувам и некоја правна помош од колегите правници. Меѓутоа со самото тоа што досега не е неправено ваков преседан, а денес се прави, ние треба да размислуваме и за еден друг аспект на проблемот. Дали ние од денес не правиме еден нов преседан, со секое отсуство на претседателот, потпретседателот да може по било кое прашање да свика седница. Бидејќи денес го правиме преседанот отвора нов начин на дејствување во Парламентот што го немаше во изминатите десет години.

Не сакајќи ова мое размислување за работата на Парламентот, за кој сметам дека треба да работи според законите, според Уставот, и да се чува неговиот интегритет, не сакајќи да се сфати оваа интервенција како опструкција или недоволно политичка волја за поддржување на преговорите и на преговарачкиот тим, сакам да интервенирам уште еднаш да се размисли дали може на ваков начин да дојде точка, дали вака може да се свика седница на Собранието и дали Парламентот ќе го руши својот дигнитет и понатаму, ќе го суспендира Уставот, ќе го суспендира претседателот на Собранието и ќе ги руши традициите кои се поставени во дејствувањето на Парламентот досега.

Јас доста размислував дали вака да интервенирам, бидејќи се работи за една значајна точка која зборува за меѓународна позиција на Македонија. Меѓутоа, пак ќе ви кажам дека ваквата манифестација на политичките субјекти во Македонија, низа пати, манифестирана во низа позиции и ситуации од сите политички субјекти кои се релевантни во Република Македонија. Така да сметам дека и во овој момент консензусот околу размислувањето на македонските

политички субјекти за влегување во евроатланските структури и за поддршката на тимот за преговори не доаѓа во прашање. Меѓутоа процедуралниот аспект е сосема друг аспект.

Сметам дека 60-та седница, ако сакаме да работиме уставно и да го заштитиме Парламентот од вакви однесувања, треба да ја одложиме до моментот на создавање услови за нормално легално и уставно закажување на седницата, а до тој момент сметам дека позицијата на преговарачкиот тим нема да биде нарушена. Таа е јасно искажана во сите ситуации од сите релевантни фактори. Така да мислам дека треба да работиме уставно и по законите.

Уште еднаш сакам да кажам дека ова нема политичка, туку токму вистинска процедурална интервенција.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Златко Стојменов за оваа интервенција.

Мислам дека г. пратеник Стојменов со тоа што го кажа не е во право. Можеби тој поинаку го чита и го разбира членот 81 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Оваа седница е свикана со договор со претседателот на Парламентот и е постапено согласно овие членови од Деловникот за работа на Парламентот. Овде многу јасно е кажано дека во случај на отсутност или спреченост на претседателот, го заменува еден од потпретседателите, според редот што ќе го определи Претседателството на Собранието.

Исто така членот 81 зборува за тоа дека потпретседателите на Собранието му помагаат на претседателот на Собранието во работата и во договор со него вршат определени работи од неговиот делокруг.

Свикувањето на седницата е една од определените работи на претседателот на Собранието. Така што во негово отсуство, во договор со него е свикана оваа седница и мислам дека е постапено правилно, како што е зацртано во Деловникот за работа во Парламентот.

Повторно бара збор пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Членот 81 се однесува токму на тоа дека потпретседателите на Собранието може да му помагаат за вршење на определени работи. Меѓутоа, не постои член ниту во Уставот ниту во Деловникот каде што може потпретседател на Собранието да свика седница. Тоа го кажува и членот 97 од Деловникот а и во Уставот е јасно кажано. Свикува седница претседателот на Собранието, член 66 од Уставот. Член 97 од Деловникот, претседателот на Собранието може да свика. Значи, нема никаде оставено можност дека може некој друг освен претседателот на Собранието да свика седница. И толкувањето од стручните лица од Собранието исто, тоа го имаме написмено. Така да секое закажување кое не го врши претседателот на Собранието, што не е направено и до оваа седница денес, ќе биде кршење на законот и Уставот. Јас мислам со тоа ние како Парламент ќе се доведеме во една друга замка, за едно толку значајно прашање за Република Македонија да зборуваме на незаконски закажана седница. Со тоа ја нарушуваме и позицијата од која ја дава оваа декларација, Парламентот. Затоа мислам дека треба да се има слух. Јас би молел сите политички партии да имаат слух за ваквиот начин на работа на Собранието и на еден ваков начин на закажување. Не смееме да оставиме Парламентот да биде заложник на ваквиот начин на закажување. И самата Декларација за која верувам дека сите политички партии ќе најдат консензус, не смее да биде заложник на начинот на закажување на седницата. Тука е мојата интервенција. Мислам дека ништо нема да смета ако на една редовно закажана седница ние донесеме Декларација од сите политички субјекти и дадеме сила на нашиот преговарачки тим. Меѓутоа, со самиот начин на закажување што остава празнина во размислувањето, се нарушува позицијата, ја поткопуваме позицијата на оваа Декларација.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Тоа е ваша констатација, вие така размислувате. Јас не знам со кого вие сте се слушале околу оваа седница што сум ја свикал. Меѓутоа, и ние имаме стручни служби и јас сум се консултирал со нив, па и со претседателот на Собранието, така да сметам дека ова не е никаква грешка, ниту е спротивно со Деловникот на работа на Парламентот. Исто така, може и обратно да се толкува тоа што вие го рековте. Во Деловникот никаде не пишува дека потпретседателите не смеат да свикаат нова седница. Можеби има и пропусти во Деловникот. Ние тоа често пати го констатираме. Но, во иднина сигурно овие пропусти ќе ги надминеме, така што, веројатно ќе имаме еден попрецизен Деловник.

За збор се јави пратеникот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, јас ќе го изнесам ставот на пратеничката група на Демократска алтернатива и сакам најдобронамерно да се сфати нашата заложба која ќе се обидам да ја изнесам, како што се договоривме на координацијата.

Ќе почнам со целта на оваа Декларација која што е предложена, а целта е искажување на комплетниот консензус на сите политички партии во Парламентот за европската интеграција. Со оглед на тоа сметам дека самата процедура односно начинот на создавање и иницијатива и содржина на Декларацијата, во таа смисла треба да биде со сите партии договорена, на начин што го практикувавме во ова Собрание. Значи, да имаат учество сите партии во создавањето на текстот на Декларацијата и, нормално таква една содржина, со оглед на моментот кој што е исклучително важен за Република Македонија ќе се најде и на соодветните тела, што специјално за оваа прилика минатата година формиравме Комисија европски и евроатлански интеграции. Исто така тоа може да се служи и на заедничката седница со Комисијата за надворешна политика, да се усогласи текстот и како еден таков чин, со акламација од сите пратеници во ова Собрание, да се донесе.

За право ни дава, со оглед на оваа забелешка и начинот односно денешното случување дека сега на некој начин предлогот на ВМРО - ДПМНЕ и ПДПН - НДП се проширува односно има измена во текстот на Декларацијата кој што токму пред почетокот на оваа седница го добивме. Така да сметаме дека со таа цел, на некој начин да се објасни консензусот на сите политички партии, претставува и реафирмација, бидејќи ние имаме донесено декларации во 1993 и во 1998 година со содржина која во некои елементи со предлозите и првиот и вториот кој егзистира. Меѓутоа јас најдобронамерно, да не ме сфатите погрешно, сметам дека и самиот назив на предложената Декларација е малку неспретно направен, бидејќи тоа не е Декларација за поддршка на потпишување. Тоа е Декларација за поширoките стратешки цели и интереси кои Република Македонија треба да ги искаже со овој политички консензус.

Самиот факт што и Европската унија, Загребскиот самит го нарече како историски ние не можеме да го отфрлиме. Јас би рекол дека треба и да го зајакнеме. Овој Парламент треба да има однос кон тој факт како историски настан затоа што ни отвора врата за утрешно влегување на Република Македонија во Европската унија. Таа историска димензија треба да биде дел од содржината на оваа декларација.

Впрочем, ден во очи на парафирањето во Загреб на спогодбата за стабилизација и асоцијација ние како Парламент треба да дадеме поддршка на дострелите кои што ќе се договорат во Европската унија, нормално кои што се интерес и на Република Македонија и на граѓаните на Република Македонија.

Исто така сакам да изнесам дека содржината на Спогодбата ќе дојде во една нормална процедура при ратификација на спогодбата во ова Собрание, за што ќе имаме ние претпоставувам плодна расправа по сите елементи и содржини на договорот за стабилизација и асоцијација. Во тој случај ќе се произнесеме по одредени решенија што се дадени во самата спогодба.

Јас во оваа прилика ќе споменам дека соодветните комисии, посебно Комисијата за Евроатланска интеграција која три пати расправаше по одредени нацрт - текстови, кои што не претставуваат финален текст на Спогодбата, кој и денеска не можеме да го имаме исто така ни дава за право дека сепак Парламентот периодично учествуваше со своите забелешки, дискусии и дава позитивен придонес кој што го имаше преговарачкиот тим во предвид за едно финализирање за да текстот на содржината на декларацијата се подобри во однос на интересите на државата.

Со оглед на тоа ние предлагаме нормална процедура односно предлагаме оваа седница да се одложи за утре а денеска сите пратенички групи од овој Парламент да седнат и да го изготват текстот на заедничката декларација која не би се викала декларација за поддршка на потпишувањето, туку би била декларација во поширока смисла на зборот каде што ќе се овозможи нормална процедура на двете комисии за европска и евроатлантска интеграција и Комисијата за надворешна политика, а утре сабајле, на пример во 10 часот да заседаваат по тој предлог на декларација и на седница во 11 часот со консензус да ја донесеме.

Исто така ќе биде згодна прилика, со оглед дека предлагаме тоа да се случи утре, со оглед дека денеска ќе завршат преговорите на преговарачкиот тим и ќе се имаат на некој начин и финалните решенија и текстот, па ако сакате и она што значи

еволутивната клаузула, значи денеска во рундата на политичките преговори ќе имаме можност од шефот на преговарачкиот тим да добиеме информација од прва рака за неколку елементи. Тоа е околу самата спогодба, околу историската димензија на Самитот во Загреб, па на крај краишта нешто што исто така не интересира како Парламент и како Република" Македонија, а тоа е декларација на Самитот во Загреб, која што секако во една поширока рамка ќе даде светло и на другите односи што ќе се случат на загребскиот самит, за кој што мислам дека сите го делиме мислењето дека е значителна историска важност за Република Македонија.

Сметаме дека еден ден ништо не значи за одлагање на донесување на оваа декларација. Сметам дека ниедна партија не е против, впрочем и сите збиднувања, сакам најдобронамерно да се сфати овој предлог, би овозможило овој начин на работење на крај заклучувајќи сакам да кажам дека овој предлог во никој случај не треба да се сфати дека е на некој начин опструкција на иницијативата или на некој начин спротивно со тенденциите и интересите за европското асоцирање. Впрочем, вие знаете дека ДА беше директно вклучена во преговорите. Затоа, господине потпретседателе би замолил ако може овој предлог да се стави на гласање и во една нормална, порелаксирана временска атмосфера сите пратенички групи од овој Парламент да седнат и да направат еден коегзистентен текст земајќи ги предвид и претходните декларации, земајќи го предвид значењето на Загребскиот самит. Пак повторувам, несакајќи да го минимизирам напорот. Во секој случај треба да се поздрават групите што го предложија текстот што го имаме пред нас.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Радомир Карангелески.

Пред да го ставам на гласање неговиот предлог, молам дали некој пратеник сака нешто да додаде или да каже нешто околу ова.

Процедурално има збор господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, со оглед на фактот дека пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ и пратеничката група на ДПА се подносители односно коподносители на декларацијата за поддршка за потпишување на договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската унија ќе се јави еден мал правен проблем или процедурален ако го прифатиме предлогот на господинот Радомир Карангелески, сега да ја прекинеме седницата утре да се свика Комисијата за евроатлантска интеграција и од таму да потекне нов текст на предлог на декларација. Во тој случај би требало ние како подносители на оваа декларација да се откажеме, не да го повлечеме од дневен ред предлогот на декларацијата, туку да се откажеме од овој текст и да се приклучиме кон евентуално новиот текст што би произлегол од седницата на Комисијата за евроатланска интеграција.

Мојот предлог е денеска да се прифати на некој начин видоизменет предлогот на Радомир Карангелески односно денеска да се состане Комисијата за евроатланска интеграција во ограничено времетраење, час до час и половина и потоа по истата точка од дневниот ред да продолжи денешнава седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на Чедомир Краљевски.

Дали се согласува Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Мало дообјаснување. Јас предложив да седнат претставници на пратеничките групи да го изготват текстот и како готов текст да оди на заедничката седница на двете комисии. Значи, не Комисијата да го изготвува текстот, затоа што таа е составена знаеме по кои правила, туку сите партии од Парламентот да определат свои претставници кои ќе учествуваат во подготвувањето на текстот на декларацијата, како таква да оди на комисиите и потоа на седница на Парламентот.

Со оглед на оваа процедура сметам дека е невозможно денеска тоа да се направи. Денеска би можело евентуално да се изготви текстот, а утре сабајле пред седница, незнам зошто е проблем да се свика заедничка седница на двете комисии и потоа да оди на пленарна седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор.

Има збор господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата. Мислам дека прашањево што се покренува на дневен ред е мошне важно од врвен, државен интерес и по него апсолутно

не треба да се импровизира ништо. За него навистина не заслужува да расправаме под формулата хитно. Ова што колегата Краљевски го предложи, тоа не е никаков проблем, на формално правен план тоа може апсолутно задоволително да се реши. Предлагачите си остануваат на текстот додека други можат во вид на амандмани да интервенираат и вие тоа можете да го прифатите или не. Според тоа формално правниот аспект не е битен. За мене е многу побитен политичкиот аспект.

Досега во многу прилики кога ќе поставиме макар и некои прашања од терцијално значење се барало потреба за објаснување пред Собранието за итност за поставувањето на точката на дневен ред. За ова апсолутно мислам дека не треба да се согласиме на ваков начин да расправаме. Цела македонска јавност Владата, преговарачкиот тим, ова Собрание знаеше дека на 24 ќе се случи во Загреб Самит и дека на Самитот ќе треба да се потпише договорот. Од каде одеднаш, пред четири - пет дена, ако иницијатива на премиерот произлезе потреба Собранието да донесе посебна декларација со која што ќе ја поддржи Владата во потпишувањето на договорот и другите точки што се редат.

Јас размислувам во една друга насока, а и пратеничката група на СДСМ дека на овој начин може да биде тотално амнестирање на Владата од евентуална одговорност, бидејќи почитувани колеги ние на овој начин посредно и го ратификуваме договорот бидејќи даваме бланко согласност на Владата да го потпише договорот, а никој од нас ја нема видено содржината на договорот. Тој договор ќе дојде пред нас и ние ќе треба како Собрание да го ратификуваме, и тогаш ќе се запознаеме со неговата содржина. Меѓутоа, во меѓувреме имавме можност да чуеме и дисонантни кажувања и мислења од релевантни државни фактори дали е добро да се потпише таква содржина на договорот, се разбира оние што ја знаат содржината на договорот или не е добро. Какви импликации има тоа врз нашата држава односно перспектива за евроатланската интеграција. Инаку не е спорно апсолутно, ниеден релевантен политички субјект во државата не спори секој чекор на унапредувањето на односите на Република Македонија со Европската унија и со НАТО.

Значи политичка платформа за потпишувањето на овој договор постои од страна на ова Собрание. Таа е направена 1998 година со Декларација што ја донесе ова Собрание на 4 февруари 1998 година за унапредувањето на односите на Република Македонија со Европската унија. Тоа не е спорно. Таа декларација е на снага. Тоа за мене е и политичка основа за она што го чини Владата денес. Меѓутоа, мислам дека ова Собрание заслужува многу поголем, поодговорен однос од Владата во смисла во отсуство на елементарни информации мислам дека би било добро шефот на преговарачкиот тим, господинот Тупурковски кој е сега тука барем да не информира за некои елементарни работи, за содржината на тој договор. Да не информира што е она што се случувало во Загреб, кои се тие прашања што можат да ја оптоварат и Владата и Собранието, меѓутоа и македонската јавност па тогаш да дадеме бланко согласност Владата да го потпише договорот.

Освен тоа исто така во јавноста има информација дека на Самитот ќе се случи и декларација, декларација што треба да ја донесе Самитот за унапредувањето на соработката на земјите од југоисточна Европа. Исто така треба да знаеме барем елементарно каква е содржината на тие документи. Затоа мислам дека е добар предлогот покрај ова што господинот Карангелески го кажа да расправаат двете комисии, а не само Комисијата за евроатланска интеграција, туку и Комисијата за надворешна политика односно за меѓународна соработка треба да седнат на една заедничка седница, да не бидеме толку суетни кој го предложил текстот, бидејќи тоа не е спорно дека ова Собрание поддржува секаков вид на исчекор на Република Македонија во евроатланските интеграции. И врз основа на тие елементарни предуслови Собранието да отвори расправа. Јас се надевам дека нема пратеничка група што нема да го поддржи, меѓутоа тоа да произлезе навистина од информации на релевантни субјекти кои што ги водат преговорите. Затоа ние сметаме дека би било добро денес по ова прашање да не расправаме, да седнат по текстот на декларацијата предлагачите заедно со двете комисии, со координаторите на пратеничките групи да се усогласи текстот. Навистина треба да дишеме, што би се рекло, едногласно по вакви суштински прашања и утре да седнеме да расправаме врз основа на овие информации.

Не е спорно дека пратеничката група на СДСМ стои зад секакво доближување, секаква иницијатива која води кон доближување до Европската унија.

Добро би било, навистина би било добро да добиеме релевантна информација

зошто ова се покренува по итна постапка кога имавме доволно време однапред тоа да го покренеме. Се надевам дека ќе има разбирање пред се од предлагачите, затоа што и другите пратенички групи навистина се оштетени ако за иницијативата дознале пред 4-5 дена, а имале спремност да учествуваат во партиципирање на нејзината содржина.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Тито Петковски.

Има збор Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, дека не е во прашање нашата суетност и дека треба точно да провејува конценсуалниот дух по ова прашање јас го поддржувам предлогот и на Радомир Карангелески и сугестијата на Тито Петковски со точно определени тајминзи на работа да се состанат претставници од сите политички партии кои партиципираат во Парламентот да го изготват конечниот текст на декларацијата и во согласност или содејство со Комисијата за политички систем и Комисијата за евроатланска интеграција да дадат свое мислење комисиите пред Парламентот и за утре да биде оваа седница, а денешнава седница да продолжи како Педесет и шеста седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас мислам дека предлозите се на место.

За збор се јави потпретседателот Томислав Стојановски процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не сакам да говорам надвор од претходните тројца што говореа, едниот по процедурата, двајцата за одлагање и прифаќање на предлогот од нашиот координатор, меѓутоа, следејќи го зборот на господинот Тито Петковски дека треба еден од преговарачите односно оној што го води тимот, господинот Тупурковски да даде свој исказ односно да ги каже основните елементи до каде сме стигнале, што сме направиле, која е содржината на договорот за кој велат дека не го знаат, би било редно да отпочне седницата и тогаш ќе има смисла ако Тупурковски денеска ни го каже тие работи. Што ќе биде ако нашето договарање по основниот текст што ние го предложивме и Тупурковски замине за Загреб и веднаш Тито Петковски со право би реагирал - јас дадов вчера предлог да го чуеме претставникот на Владата односно на преговарачкиот тим да не извести за состојбата, тој отиде сега па што ќе расправаме, пак го немаме и тој извештај, со што како секогаш пак доаѓаме, влегуваме во некој ќорсокак и сами како да си правиме замка.

Ако е така, да го ислушаме господинот Тупурковски денеска, па за една согласност, што јас го почитувам тоа од сите нас овдека, без разлика на кого му припаѓаат, тој текст да отиде и таа Декларација да биде прифатена од сите со без притискање на копче, со акламација и тогаш да знаеме дека имаме единствена политичка расположба спрема оваа европска организација сите заедно, а не одвоено.

Затоа, да водиме сметка што ќе направиме. Ако сакаме вака да постапиме по предлогот на Тито Петковски, јас предлагам да продолжиме со донесување на дневниот ред каков што е и да го усвоиме и претставникот да ни даде барем некое известување како е и до каде е. Па, тогаш, ако има смисла за одлагање, ако има потреба, тогаш тоа да го направиме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот Томислав Стојановски.

За збор се јави господинот пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Се извинувам што му го зедов зборот на господинот Рамадани, меѓутоа сакам да потсетам дека во моето излагање, за да имаме сеопфатна информација од шефот на преговарачкиот тим, сметам дека тоа е подобро да се одржи утре, со оглед на тоа дека денеска ќе завршат преговорите со тимот. Така што, ќе имаме можност да ги чуеме сите елементи што ги набројав трите аспекти.

Претпоставувам дека господинот Стојановски ќе се сложи со тоа и на тој начин би ја решиле оваа ситуација.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, благодарам.

Збор има господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, и ние како пратеничка група денеска имавме координација во врска со Предлог - декларацијата за поддршка на потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската унија. Исто така, дојдовме до едни наши заклучоци дека добро е секогаш во ова Собрание кога

се расправало односно кога имаме иницијатива за декларации, обично се состанувале сите координатори на пратеничките групи со заеднички текст со општ интерес, се разбира, на државата и никогаш не сме имале проблеми во тој однос и секогаш сме имале консензус. Во овој случај мислам дека дилемите се во тоа што секој до некого или секоја пратеничка до другата пратеничка група, зависно од припадноста на политичката партија како да се почувствува една каприциозност или како да има некои други информации, дури и индикативно дека е можно некој да биде против. Мислам дека е апсурдно да се поставува прашањето денеска кој е против тоа што значи потпишување на еден ваков договор, односно тоа што значи европска интеграција.

Јас мислам дека треба да ве замолам за нешто друго. Ние сега расправаме, односно сакаме да се договориме за една декларација, а тоа значи треба да се произнесеме како Парламент декларативно дека сме за потпишување на договор за стабилизација и асоцијација. Ако е така, кога веќе се работи за нешто декларативно, мислам дека формално многу лесно можеме да се договориме и тоа да помине денеска со еден текст со општа содржина и тука ќе заврши се. Меѓутоа, сега се отвора прашањето дека Парламентот треба, да речеме, еве има предлози, утре да расправа за содржината од шефот на преговарачкиот тим и тогаш веќе ако се расправа за содржина, односно тоа значи за документот, кој треба да се потпишува, тоа е веќе сосема друга работа. Мислам дека веќе тогаш ќе се навлезе во тоа што значи текст, документ и се што е направено досега. Мислам дека се наоѓаме во еден цајтунг, во една ситуација кога мислам дека нема потреба да се направи тоа, затоа што веќе ќе се оди до некои крајности, каде што мислата може и да се судруваат за разни работи кои ги содржи тој текст, односно тој договор.

Затоа, мислам дека ако веќе се сложуваат и другите координатори дека шефот на преговарачкиот тим, господинот Тупурковски треба едно експозе, колку - толку да не информира, за да можеме ние кој ќе учествуваме во подготвувањето на таа заедничка декларација за утре, со една содржина, се разбира, какви содржини имаат таквите декларации и утре сметам со најдобра намера и ние се придружуваме на тоа сите како пратенички групи преку нашите претставници, ќе го изнесеме ставот, со тоа што во текстот, веројатно, кога веќе ќе присуствуваме при приготвувањето на текстот, ќе додаваме уште нешто што, навистина, треба да држи една добра содржајна и афирмативна декларација и тука ќе го дадеме нашиот придонес и мислам дека работите треба да одат во таа насока и на таков начин. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Исмет Рамадани.

Процедурално, збор бара пратеникот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседател, мислам дека беспредметна е дискусијата, бидејќи предлагачите се согласија утре да држиме седница и со оваа содржина која што ја договоривме. Според тоа, мислам дека нема потреба понатаму да се води расправа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам.

Да го слушнеме уште пратеникот Котевски Ѓорѓи. Повелете.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, навистина изгледаме несериозни. Ние добивме решение за свикување на оваа седница денес и ние, прво, треба да го утврдиме дневниот ред денес, а после тоа или после излагањето на господинот Тупурковски, ние можеме како пратенички групи да се повлечеме, заеднички да се договараме и заеднички да донесеме декларација. Ве молам, ние влеговме во материјална расправа, искажавме овде политички ставови без да имаме точка на дневен ред. Овие се елементарни работи за познавање, за делување на Собранието. Ве молам, денес мораме да утврдиме дневен ред, а после тоа како пратенички групи ќе се договараме. Нема ништо спорно околу тие прашања. Но, јавноста очекува нешто од преговарачкиот тим, од клучните луѓе што преговараат да се каже нешто и врз основа на тоа ние на јавноста да и кажеме за што се подготвуваме со оваа декларација.

Ве молам, да не излегуваме од овие шеми. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Котевски Ѓорѓи.

Повторно процедурално за збор се јавува господинот пратеник Мерсел Биљали. Повелете.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине потпреседателе, се јавувам по прв пат. Да не создаваме тука забуна, ние не ратификуваме спогодба од причина што спогодбата не може да се ратификува со декларација. Спогодбата се ратификува со закон за ратификација, каде е интегрален дел на тој закон или предлог за донесување на закон и спогодбата, така што оваа работа е чиста.

Мислам дека е добро шефот на преговарачкиот тим да не информира и тоа да остане за утре. Но, меѓувреме, двете комисии да се состанат и да предложат текст на декларацијата од причина што, еве и последната варијанта од текстот што е предложен, сметам има доста технички недостатоци, дури, еве, точката два го спомна зборот потпишување" Не се работи за потпишување, туку за парафирање, од причина што Спогодбата ќе се потпише по посебна постапка и верувам после неколку месеци.

Затоа, да продолжиме со минатата седница по однос на точките, одбрана и тн. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мерсел Биљали.

Јас во оваа прилика предлагам, ако се сложува потпретседателот на Владата, да даде едно кратко експозе, а потоа координаторите на пратеничките групи да се состанат и да се договорат за динамиката околу оваа точка што е на дневен ред.

Збор има потпреседателот на Владата на Република Македонија господинот Васил Тупурковски.

**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:**

Најпрвин, се извинувам, почитуван потпретседателе, дами и господа, се извинувам што, навистина, не го познавам Деловникот, што не го намалува мојот аспект за Парламентот, напротив, би сакал да прашам дали ќе биде процедурален дефект ако ми дадете збор, да можам да кажам два три збора, или не?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да, можете.

**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:**

Благодарам.

Ние за час и половина ќе ја започнеме последната политичка рунда на преговори со Делегацијата на Европската комисија и со земјите членки. Значи, денеска учествуваат и сите земји членки.

Мислам дека е многу порационално да добиете информација утре, бидејќи денеска ние ќе ги завршиме преговорите. Ова се преговори, сеедно што се слуша во јавноста итн., можам со сигурност да ви тврдам дека и на денешната сесија самата Нацрт - Спогодба ќе доживее промени. Тоа е еден значаен момент.

Втор значаен момент е фактот дека, за жал, Парламентот нема информации за Загребскиот самит. Најмалку што може Владата да направи е веднаш да стави на располагање Нацрт - деклрацијата за Загребскиот самит. Најмалку е тоа што можеме да го сториме веднаш и тоа ќе и помогне на процедурата на изготвување на евентуалниот нов текст на оваа декларација.

Конечно, јас би сакал да кажам и во име на Владата, дека Владата не ја побара оваа седница, ниту има право да побара ваква седница, затоа што Владата има одговорност да оди да го парафира, потоа и да го потпише договорот и да се врати ваму како дел од политичкиот систем, кој што е самостоен, како што е самостоен Парламентот, да го брани и да се обиде да го одбрани преку процесот на ратификација. Што значи дека би било навистина апсурдно утре да и се дава поддршка на Владата за она што таа е должна како своја одговорност да го стори. А, кога ќе дојдеме еден ден овде, откако ќе се потпише, се разбира, Владата можеби ќе има и сериозни проблеми да го одбрани текстот на спогодбата. Значи, прашањето е и принципиелно и уставно - правно и би било погрешно да се смета дека со утрешната седница, Владата би добила некаква бланко поддршка. Владата нема право да бара таква поддршка и таа подршка не ја ни бара.

Меѓутоа, бидејќи е една ваква исклучителна ситуација, денеска имаме преговори и тоа завршни и сосема е сигурно дека на крајот и ќе ги завршиме, а во петок се држи историски самит по дефиниција на самата Европска унија. Таа го нарекува историски, а ние можеме барем да ја приложиме овде Нацрт -декларацијата на Загребскиот самит и би било, сега си дозволувам да го кажам тоа, Парламентот ќе просуди, би било нерационално историските димензии на тој Самит да не бидат земени предвид при донесувањето на еден генерален акт на највисокиот законодавен дом во РМ што е учесник на тој Самит. Ќе носи одговорност и за самата декларација, а уште повеќе од тоа е и страна која што ќе парафира прва текст на спогодба за

асоцијација и стабилизација токму во рамките на овој Самит. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Владата господинот Васил Тупурковски.

За збор се јави господинот пратеник Чедомир Краљевски. Повелете.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпреседателе, само едно дообјаснување, коподносителите на Декларацијата за поддршка на потпишувањето на договорот, немаа намера со тој чин на поднесување на таа Предлог - декларација да ја бранат Владата или да и дадат поддршка некоја специјална на Владата, за да го потпише договорот. Владата ќе го потпише договорот и со нашата и без нашата поддршка. Но, целта не ни беше тоа, целта ни беше само да го апострофираме чинот на потпишување како една етапна фаза, етапна цел до конечната цел, а тоа е полноправното зачленување на Македонија во ЕУ. Јас имам само толку и благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, уште еднаш ви благодарам.

Јас предлагам сите координатори на пратеничките групи да се состанат и да се договараат околу текстот на Декларацијата.

Дневниот ред не можеме да го усвоиме, затоа што може да се случи да има промена во самиот наслов како ќе се нарече.

Давам пауза до 15,00 часот, а меѓувреме ние ќе бараме од Министерството за одбрана да дојде нивен претставник, така што во 15,00 часот продолжуваме со 56-тата седница на Собранието на РМ.

(Пауза до 15,00 часот).

(По паузата седницата не продолжи со работа).